# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**на Друштвото за изградба, управување и издавање**

**на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје**

**за период од 01.10.2021 година до 31.12.2021 година**

Друштво за изградба,управување и издавање
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 05 - 188/1
25 . 03 2022 год.
СКОПЈЕ

**Скопје, Март 2022**

**Воведни напомени**

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје е основано во Јули 2006 година од Владата на Република Македонија со основна цел доизградба на повеќенаменска сала во Скопје, која претходно беше започната да се гради од страна на Град Скопје.

Основачкиот влог на Друштвото на 31.12.2021 година изнесува 1.600.776.661,00 денари, кој се состои од 1.485.440.000,00 денари паричен влог и 115.336.661,00 денари непаричен влог, односно влог во основни средства.

# 1. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТ | Квартал 4 2021 | | | | коментар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Реализација 2020 | Реализација 2021 | Разлика | Процент на оствареност | |
| | Приходи од дејноста | | | | | |
| 1 | приходи од АЕРОБИК | 225.849 | 344.068 | 118.219 | 0,93% | приходите се зголемени од причина што се издаваат повеќе термини во салата за аеробик од предходната година |
| 2 | приходи од АКВА ПАРК | 0 | 0 | 0 | 0,00% | аква паркот не работи во овој временски период |
| 3 | приходи од АРЕНА | 1.913.639 | 6.072.509 | 4.158.870 | 16,46% | во овој квартал се исплатени трошоците за салата за време на вакцинацијата од страна на министерство за здравство |
| 4 | приходи од БАЗЕН | 3.530.379 | 4.553.561 | 1.023.182 | 12,34% | Зголемени се приходите од пливачкиот базен од причина што се качи бројот на рекреативци како и членови во пливачките клубови споредено со истиот период од предходната година |
| 5 | приходи од БРЕНДИРАЊЕ | 1.240.063 | 1.240.002 | -61 | 3,36% | нема промени во приходите од брендирање на објектите |
| 6 | приходи од ДЕЛОВЕН ПРОСТОР | 2.920.650 | 4.363.746 | 1.443.096 | 11,83% | со поскапување на струјата се зголемуваат и приходите од деловен простор поради повисоки цени за префактурирање на истата |
| 7 | приходи од КОНГРЕСНА | 11.864 | 5.932 | -5.932 | 0,02% | намалена е продажбата на термини во конгресниот центар |
| 8 | приходи од КУГЛАНА | 178.585 | 327.899 | 149.314 | 0,89% | зголемени се приходите во кугланата од причина што во 2021 се организираа повеќе настани за разлика од 2020 година истиот квартален период |
| 9 | приходи од ЛИЗГАЛИТЕ | 1.250.030 | 1.780.914 | 530.884 | 4,83% | зголемен бројот на посетители |
| 10 | приходи од МАЛА САЛА | 237.442 | 730.232 | 492.790 | 1,98% | повеќе организирани настани за новогодишните празници за разлика од 2020 годинина истиот пресметковен период |
| 11 | приходи од ПИНГ ПОНГ | 235.724 | 127.602 | -108.122 | 0,35% | раскинат еден договор за пинг понг термини |
| 12 | приходи од САУНА | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 13 | приходи од ТЕНИСКИ | 90.000 | 90.000 | 0 | 0,24% | нема промена на приходите од тениските игралишта бидејки се издадени на годишно ниво |
| 14 | приходи од ФИТНЕС | 295.543 | 668.606 | 373.063 | 1,81% | зголемен број на уплатени членарини |
| 15 | Вк. Приходи од дејност | 12.129.768 | 20.305.071 | 8.175.303 | 55% | зголемување на приходите од основна дејност за 8.175.303 |
| | Расходи од дејност | | | | | |
| 1 | пијалоци за куглана | 167.284 | 97.909 | -69.375 | 0,20% | намалена набавка на пијалоци |
| 2 | канцелариски материјали | 111.946 | 1.424 | -110.522 | 0,00% | намалување |
| 3 | трошоци за хигиена | 458.285 | 133.895 | -324.390 | 0,28% | намалување |
| 4 | технички потрошен материјал | 30.656 | 27.970 | -2.686 | 0,06% | намалување |
| 5 | електрична енергија | 2.367.751 | 9.345.105 | 6.977.354 | 19,36% | поскапување на електричната енергија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | топлинска енергија | 775.922 | 799.559 | 23.637 | 1,66% | поскапување на топлинската енергија |
| 7 | нафта за греење, бензин и дизел гориво | 133.573 | 345.967 | 212.394 | 0,72% | поради дефект на едниот чилер во пливачкиот базен се зголемија трошоците за нафта за греење на истиот |
| 8 | поштенски трошоци | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 9 | трошоци за мобилна телефонија | 78.468 | 79.855 | 1.387 | 0,17% | |
| 10 | интернет | 23.839 | 31.784 | 7.945 | 0,07% | фактура за 8ми месец е стигната во 10-ти месец |
| 11 | сметководствен систем | 48.000 | 48.000 | 0 | 0,10% | |
| 12 | одржување на фискални каси | 0 | 10.200 | 10.200 | 0,02% | |
| 13 | одржување на спортски робот | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 14 | страничен помошен лед спортски семафор | | | 0 | 0,00% | |
| 15 | одржување на ит систем | 75.000 | 100.000 | 25.000 | 0,21% | фактура од 8-ми месец е стигната во 12-ти |
| 16 | услуги за заштита и обезбедување | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 17 | сервисирање на пп апарати и хидранти | 500 | 0 | -500 | 0,00% | |
| 18 | вода | 307.958 | 501.666 | 193.708 | 1,04% | повисоки фактури за вода |
| 19 | комунални услуги | 374.813 | 366.815 | -7.998 | 0,76% | |
| 20 | дератизација и дезинфекција на објекти | 15.600 | 0 | -15.600 | 0,00% | во овој квартал не е извршена ваква услуга па и од тие причини нема трошок за истата |
| 21 | трошоци за анализа на вода | 15.190 | 8.190 | -7.000 | 0,02% | |
| 22 | регистрација за возила | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 23 | трошоци за хемикалии на вода во базените | 1.149.060 | 532.995 | -616.065 | 1,10% | намалување |
| 24 | плата за вработени | 6.716.172 | 6.222.972 | -493.200 | 12,89% | вработените спогодбено ги раскинуваат договорите за работа |
| 25 | надоместоци за вработени | 45.000 | 1.303.166 | 1.258.166 | 2,70% | исплатен регрес |
| 26 | надзорен одбор | 300.006 | 113.342 | -186.664 | 0,23% | во 2020 година во еден квартал се исплатија повеќе заостанати паушали за надзорен одбор |
| 27 | репрезентација | 14.990 | 18.010 | 3.020 | 0,04% | минимално зголемување |
| 28 | премии за осигурување | 134.596 | 153.334 | 18.738 | 0,32% | минимално зголемување |
| 29 | банкарски трошоци | 34.604 | 49.203 | 14.599 | 0,10% | поскапување на банкарските провизии |
| 30 | спасители аква парк | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 31 | трошоци за ревизија | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 32 | проценители | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 33 | договори на дело | 0 | 60.000 | 60.000 | 0,12% | во 2020 година во четвртиот квартал немаше договори на дело, но со раскинувањето на договорите за вработување и не добивањето за согласност за вработување од министерство за финансии овие трошоци ќе се зголемуваат |
| 34 | адвокатски услуги | 91.500 | 91.500 | 0 | 0,19% | нема промени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 35 | здравствени прегледи за вработени | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 36 | нотари и извршители услуги | 8.425 | 18.635 | 10.210 | 0,04% | зголемување |
| 37 | огласување во весници | 44.380 | 0 | -44.380 | 0,00% | намалување |
| 38 | сметководствени услуги | 146.850 | 146.850 | 0 | 0,30% | нема промени |
| 39 | трошоци за административни и судски такси | 300 | 27.197 | 26.897 | 0,06% | |
| 40 | останати трошоци | 54.696 | 84.979 | 30.283 | 0,18% | трошоците се зголемени поради набавка на делови за компјутери |
| 41 | одржување и сервис на ладилни агрегати чилери 1, 2 и 3 | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 42 | одржување на дизел агрегат | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 43 | отпис на ситен инвентар | 1.586.081 | 746.209 | -839.872 | 1,55% | намалување |
| 44 | трошоци за огласување на јавни набавки | 23.000 | 2.400 | -20.600 | 0% | намалување |
| 45 | дадени финансиски одобренија | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 46 | останматаи трошоци од работењето | -2.851 | 28.956 | 31.807 | 0,06% | трошоци за вештачење и печатење |
| 47 | камати за ненавремено платени ф-ри и ддв | 4.310 | 13.830.054 | 13.825.744 | 28,65% | исплата на камати за Полин |
| 48 | фирмарина | 0 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 49 | дополнително утврдени расходи | 18 | 5.000 | 4.982 | 0,01% | |
| 50 | Вкупно оперативни расходи | 15.335.922 | 35.333.141 | 19.997.219 | 73% | зголемувањето се јавува главно поради поскапувањето на електричната енергија, поради исплатениот регрес за 2021 и исплатата на каматите за Полин |
| | останати приходи | | | | | |
| 56 | приходи од отпишани побарувања и отпис на обврски | 2.400,00 | 0 | -2.400 | 0,00% | |
| 57 | приходи од донации | 1.139.033,00 | 1.450.810 | 311.777 | 3,93% | донациите се пресметуваат за амортизацијата на објектите кои се преземени како донација |
| 58 | приходи од трошоци судски постапки | 9.017,00 | 41.311 | 32.294 | 0,11% | наплата на трошоци за судски спорови |
| 59 | приходи од надомест на штета осигурителни друштва | 10.998,00 | 2.500 | -8.498 | 0,01% | |
| 60 | приходи од наплатени штети од корисници на услуги | 0,00 | 0 | 0 | 0,00% | |
| 61 | приходи од редовни и затезни камати | 84.920,00 | 0 | -84.920 | 0,00% | намалување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 62 | останати приходи | 1.787.130,00 | 99.489 | -1.687.641 | 0,27% | вредносно усогласување на објекти со процена на имот |
| 63 | пренесено салдо од претходни години | | | 0 | 0,00% | |
| 64 | средства од Влада на РМ | 6.000.000,00 | 15.000.000 | 9.000.000 | 40,65% | средства од влада за исплата на каматите за Полин |
| 65 | Вк. останати приходи | 9.033.498 | 16.594.110 | 7.560.612 | 45% | зголемувањето се јавува главно поради средствата од влада за исплатата на каматите за Полин |
| | останати расходи | | | | | |
| 51 | трошоци за донации од јавен интерес | 0 | 0 | 0 | | |
| 52 | амортизација | 10.997.926 | 12.938.490 | -1.940.564 | | |
| 53 | Град Скопје | 0 | 0 | 0 | | |
| 54 | Вкупно останати расходи | 10.997.926 | 12.938.490 | -1.940.564 | 169% | намалување на амортизација |
| 66 | Вкупно приходи | 21.163.266 | 36.899.181 | 15.735.915 | 100% | Вкупните приходи бележат зголемување за 15.735.915 денари кое се јавува главно од средствата од влада како и од приходите од основна дејност |
| 67 | Вкупно расходи | 26.333.848 | 48.271.631 | 18.056.655 | 242% | Вкупните расходи во 2020 година бележат зголемување за вредноста исплатена за камати кон Полин, регрес и поскапување на електрична енергија |
| | Добивка/Загуба | -5.170.582 | -11.372.450 | -6.201.868 | | 2021 година има послаб резултат за 6.201.868 денари во соредба со 2020. загубата за овој квартал изнесува 11.372.450 |

| месец | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје | вработени во Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје |
| Октомври | 68 | 65 |
| Ноември | 68 | 62 |
| Декември | 68 | 62 |

Нето платата за Октомври 2021 година изнесува 1.419,707,00 денари

Нето платата за Ноември 2021 година изнесува 1.343.698,00 денари

Нето платата за Декември 2021 година изнесува 1.350.344,00 денари

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | 31.12.2020 | 31.12.2021 | разлика |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 |
| рб. | опис | износ | износ | 3-2 |
| A. | **СРЕДСТВА** | **2.560.310.838** | **2.502.488.886** | **-57.821.952** |
| a) | ***Тековни средства*** | ***40.526.732*** | ***28.594.134*** | ***-11.932.598*** |
| | парични средства | 8.471.258 | 17.859.977 | 9.388.719 |
| | побарувања од купувачи | 7.838.376 | 8.569.592 | 731.216 |
| | побарувања за ДДВ и други даноци | 5.540 | 19.204 | 13.664 |
| | однапред платени трошоци | 21.343.553 | 252.005 | -21.091.548 |
| | *побарувања од вработени- аванси* | *425.784* | *197.826* | -227.958 |
| | *дадени позајмици и аванси* | *5.449* | *449* | -5.000 |
| | ситен инвентар и резервни делови | 2.293.613 | 1.609.806 | -683.807 |
| | стоки на залиха | 143.159 | 85.275 | -57.884 |
| | побарувања од државни органи | | | 0 |
| b) | ***Постојани средства*** | ***2.519.784.106*** | ***2.473.894.752*** | ***-45.889.354*** |
| 1 | **Нематеријални средства** | **740.931** | **740.931** | **0** |
| | вложување во туѓи основни средства | | | 0 |
| | софтвер, лиценци и заштитен знак | 740.931 | 740.931 | 0 |
| 2 | **Материјални средства** | **3.006.713.100** | **3.006.035.706** | **-677.394** |
| | Градежно земјиште | 649.710.601 | 649.710.601 | 0 |
| | Комплекс на Спортскиот Центар | 862.425.730 | 862.425.730 | 0 |
| | Пливачки Базен | 243.990.729 | 243.990.729 | 0 |
| | Хокеј игралиште | 48.822.093 | 48.822.093 | 0 |
| | Рекреативен аква парк градежен дел | 385.418.620 | 385.418.620 | 0 |
| | Паркинг и партер околу сала | | | 0 |
| | Партер околу аква парк | 7.056.940 | 7.056.940 | 0 |
| | Тениски терен | 65.248.193 | 65.248.193 | 0 |
| | Остаток од градежен дел | 445.587.835 | 445.587.835 | 0 |
| | Рампи за автопарк | 19.322.566 | 19.322.566 | 0 |
| | Постојка за електрична и топлинска енергија | 62.594.999 | 62.594.999 | 0 |
| | Лифтови и опрема за озвучување | 13.122.154 | 13.122.154 | 0 |
| | Машини за чистење, за острење и противпожарна заштита | 8.143.625 | 8.143.625 | 0 |
| | Канцелариска опрема - мебел | 15.707.996 | 15.331.785 | -376.211 |
| | Компјутерска опрема | 4.691.487 | 4.691.487 | 0 |
| | Опрема за видео надзор | 4.911.812 | 4.911.812 | 0 |
| | Возила | 2.892.125 | 2.892.125 | 0 |
| | Спортска опрема и семафори | 117.783.656 | 117.783.656 | 0 |
| | Друга опрема што не може да се разграничи | 14.697.696 | 14.396.513 | -301.183 |
| | Билборди и светлечки реклами | 1.782.241 | 1.782.241 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Соларен систем | 12.142.038 | 12.142.038 | 0 |
| | Уметнички слики | 60.000 | 60.000 | 0 |
| | Опрема за во рекреативен аква парк | 12.635.516 | 12.635.516 | 0 |
| | Останата опрема - | 0 | 0 | 0 |
| | Инвестиции во тек спортска сала | 5.948.999 | 5.948.999 | 0 |
| | Постојки и опрема | 2.015.449 | 2.015.449 | 0 |
| | Канцелариска опрема | | | 0 |
| | ***Вкупно основни средства*** | ***3007454031*** | ***3006776637*** | ***-677394*** |
| 3 | **Исправка на вредност-амортизација** | 487.669.925 | 532.881.885 | 45.211.960 |
| 4 | ***Нето основни средства*** | ***2519784106*** | ***2473894752*** | ***-45889354*** |
| 5 | **Вложувања во недвижности за изнајмување** | *319.622.946* | *319.622.946* | **0** |
| | **Депозити од закупци на деловен простор** | | | **0** |
| | ***Вкупни средства*** | ***2879933784*** | ***2822111832*** | ***-57821952*** |
| В, | ***ОБВРСКИ*** | ***313050334*** | ***244695700*** | ***-68354634*** |
| а) | ***Тековни обврски*** | ***151403138*** | ***164204618*** | ***12801480*** |
| | обврски кон добавувачи | 63.362.392 | 81.600.462 | 18.238.070 |
| | обврски кон вработени | 739 | | -739 |
| | обврски за даноци и придонеси | 1.170.621 | 501.890 | -668.731 |
| | *обврски - кауции и депозити* | 2.190.378 | 2.385.186 | 194.808 |
| | останати краткорочни обврски | 79.526 | | -79.526 |
| | обврски за членовите на Надзорен одбор | | | 0 |
| | одложено признавање на приходи | 84.599.482 | 79.717.080 | -4.882.402 |
| | обврски - договори на дело | | | 0 |
| b) | ***Долгорочни обврски*** | ***161.647.196*** | ***80.491.082*** | ***-81.156.114*** |
| | ***REZERVIRANJE ZA KAMATI*** | ***21.156.114*** | | **-21.156.114** |
| | обврски кон поврзани субјекти – Град Скопје | 140.491.082 | 80.491.082 | **-60.000.000** |
| | обврски кон поврзани субјекти - АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење на Републиката, Скопје | | | **0** |
| | **Вкупно обврски** | **313.050.334** | **244.695.700** | **-68.354.634** |
| V, | **КАПИТАЛ** | **2.566.883.450** | **2.577.416.133** | **10.532.683** |
| | основачки капитал - паричен влог | 1.425.440.000 | 1.485.440.000 | 60.000.000 |
| | основачки капитал - непаричен влог | 115.336.661 | 115.336.661 | 0 |
| | ревалоризациони резерви | 713.439.529 | 713.439.529 | 0 |
| | ревалоризациони резерви од државна поддршка | 660.522.341 | 660.522.341 | 0 |
| а) | **Вкупен капитал** | **2.914.738.531** | **2.974.738.531** | **60.000.000** |
| b) | **Акумулирана добивка** | | | |
| d) | **Акумулирана загуба** | **-297.873.955** | **-347.855.080** | **-49.981.125** |
| v) | **Добивка / загуба за период** | **-49.981.126** | **-49.467.318** | **513.808** |
| | **Капитал** | **2.566.883.450** | **2.577.416.133** | **10.532.683** |
| | **Вкупно обврски и капитал** | **2.879.933.784** | **2.822.111.833** | **-57.821.951** |

НАСТАНИ ВО ПЕРИОД ОД 01.10.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

МЕСЕЦ ОКТОМВРИ

На ден 03.10.2021 година на платото пред А1 Арената, како и околу комплексот на Спортскиот Центар се одржа традиционалниот 17-ти по ред "Виз Ер Скопски Маратон 2021".

На ден 07.10.2021 година се одигра натпревар во рамките на ЕХФ купот помеѓу репрезентациите на Црна Гора и македонската национална женска селекција.

На ден 08.10.2021 година се одигра натпревар од Првата лига мажи во ракомет Група Б - Коло 4, помеѓу екипите РК Аеродром – РК Алкалоид.

На ден 10.10.2021 година се одигра натпревар од Супер лигата мажи во ракомет Коло 6, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Еурофарм Пелистер 2.

На ден 14.10.2021 година се одигра натпревар од Првата лига мажи во ракомет Група Б - Коло 5, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Кичево 2020.

На ден 16.10.2021 година се одржа ИФББ "Дијамантски куп Скопје 2021" на кој што се настапи Бодибилдинг и фитнес елитата на Европа.

На ден 16.10.2021 година во А1 Малата Сала се одржа традиционалниот меморијален турнир во чест на загинатите припадници на вооружените сили ,,Херои на Македонија 2001-2015".

На ден 17.10.2021 година се одржа фестивалот „Златно славејче 2021", позната манифестација за деца, која ја организира Советот за грижи и воспитување деца на Град Скопје и која годинава славеше јубилеј – 50 години постоење!

На ден 24.10.2021 година се одигра натпревар од Супер лигата мажи во ракомет Коло 8, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - ГРК Тиквеш 2014.

На ден 29.10.2021 година се одигра натпревар од Првата лига мажи во ракомет Група Б - Коло 7, помеѓу екипите РК Алкалоид – МРК Куманово.

На ден 30.10.2021 година во 12.00 часот се одигра натпревар од Младинската машка лига во ракомет Група А - Коло 1, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Вардар 1961.

МЕСЕЦ НОЕМВРИ

На ден 06.11.2021 година се одигра натпревар од Младинската машка лига во ракомет Група А - Коло 2, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Скопје 2020.

На ден 10.11.2021 година се одигра натпревар од Супер лигата мажи во ракомет Коло 10, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Струга.

На ден 11.11.2021 година во организација на Националната боксерска федерација, а со помош на Агенцијата за млади и спорт и Градот Скопје, се одржуа 50-то издание на традиционалната боксерска манифестација „Златен Гонг" 2021.

На ден 11.11.2021 година се одигра натпревар од Првата лига мажи во ракомет Група Б - Коло 8, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Голден Арт.

На ден 13.11.2021 година во 14.00 часот се одигра натпревар од Купот на Македонија во ракомет -мажи (елиминации), помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Текстилец.

На ден 14.11.2021 година во 13.00 часот се одигра натпревар од Купот на Македонија-мажи (елиминации) во ракомет, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Радовиш.

На ден 14.11.2021 година во 15.30 часот се одигра натпревар од Младинската машка лига во ракомет Група А - Коло 3, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Вардар 1961.

На ден 20.11.2021 година во А1 Малата сала во организација на Сонце продукција настапи Берлинскиот дј и продуцент "ELECTRIC UNIVERSE".

На ден 28.11.2021 година се одигра натпревар од Супер лигата мажи во ракомет Коло 12, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Вардар 1961.

<u>МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ</u>

На ден 07.12.2021 година се одржа музичкиот фестивал "Таксират". На главната сцена настапија „Санаториум", „Мизар" и „Партибрејкерси". Свој настап имаше и Борис Бејча, заедно со Ан Клу. На две сцени настапија највлијателните трап/хипхоп-артисти од земјава и регионот: 3++ од Хрватска, Црни Церак од Србија и македонските предводници на жанрот Бон Прасқиза, Јанг Дади, Ајри Скреч и Шорти Пи. Третата бина „Сајлент диско" понуди музичка селекција од страна на домашни диџеи.

На ден 04.12.2021 година во 10.00 часот се одигра натпревар од Пионерската машка лига во ракомет Група В - КОЛО а, помеѓу екипите РК Скопје 2020 - РК Рисови.

На ден 04.12.2021 година во 12.00 часот се одигра натпревар од Првата машка лига во ракомет Група Б - КОЛО 11, помеѓу екипите РК Алкалоид - РК Македонија Ѓорче Петров.

На ден 12.12.2021 година се одигра натпревар од Супер машката лига во ракомет – КОЛО 14 помеѓу екипите на РК Скопје 2020 – РК Радовиш.

На ден 12.12.2021 година во А1 Малата сала се одржа натпревар во танци "Dance off", на кој што учество земаа голем број на танцови клубови.

На ден 15-16.12.2021 година Македонската футсал репрезентација ги одигра натпреварите против селекцијата на Црна Гора.

На ден 17.12.2021 година во 19.00 часот се одигра натпревар од Кадетската машка лига во ракомет Група В - КОЛО 3 помеѓу екипите на РК Алкалоид – РК Металург-РА.

На ден 18.12.2021 година во 12.00 часот се одигра натпревар од Првата машка лига Група В - КОЛО 13 во ракомет помеѓу екипите на РК Алкалоид – РК Аеродром.

На ден 18.12.2021 година во 16.00 часот се одигра натпревар од Пионерската машка лига В - КОЛО 5 во ракомет помеѓу екипите на РК СКОПЈЕ 2020 - РК АЛКАЛОИД.

На ден 18.12.2021 година во 18.00 часот се одигра натпревар од Супер машката лига - КОЛО 16 во ракомет помеѓу екипите на РК Скопје – ГРК Охрид.

На ден 21.12.2021 година во А1 Малата сала екипата на Вардар го дочека Железничар од Сараево во рамките на 4-то коло на Регионалната бокс лига. Вардар ја забележа првата победа во Регионалната бокс лига.

На ден 24.12.2021 година во организација на "Балкан Медиа" концерт одржа популарниот изведувач на трап музика Реља Поповиќ.

На ден 25.12.2021 година во органзиација на "Сонце Продукција" настапи Методи Христов, човекот кој со својот уникатен стил на креирање и продукција и енергичните дј сетови ги руши BEATPORT топ листите.

На ден 29.12.2021 година во организација на "Балкан Медиа" концерт одржа балканската турбо фолк ѕвезда Аца Лукас.

На ден 31.12.2021 година во А1 Малата сала во организација на "Сонце продукција" се одржа новогодишна забава на која што настапија Atma, YUDHISTHIRA, FOBI, LIQUID ILLUSION, DARE, HUMANOID a.k.a MONOWAVE и SOUNDKILLAH.

Во четвртиот квартал од 2021 година во А1 Малата сала клубовите ОК Работнички Скопје и ОК Фит Фан волеј ги одиграа натпреварите од првата државна лига.

Скопје, 23.02.2022 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Филип Даскаловски

Изработил: БИЛАНС ЛД ДООЕЛ Скопје